| | |
|---|---|
| РСМ, Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје | |
| Факултет за ликовни уметности – Скопје | |
| бр. 09-103/1 | 09.06.2021 год. |

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Во врска со распишаниот Конкурс за запишување студенти во прва година на прв циклус (додипломски) студии на студиските програми на Факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 2021/22 година, кандидатите се известуваат за следното:

1. На Факултетот за ликовни уметности - Скопје во **прва година во учебната 2021/22** година во првиот уписен рок, слободни места по студиски програми:

- **графика**: 6 места во државна квота, 6 со кофинансирање,
- **вајарство**: 5 места во државна квота, 5 места со кофинансирање,
- **сликарство**: 6 места во државна квота, 6 места со кофинансирање, и
- **ликовна педагогија**: 5 места во државна квота, 5 места со кофинансирање.

2. Вреднувањето на успехот од средното образование и успехот од проверка на знаењата и умеењата се изразува во поени. Во вкупниот број поени, успехот од средното образование учествува со 40 поени а успехот постигнат со проверка на знаењата и умеењата 60 поени. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку 10 поени.

3. Право на запишување на прв циклус студии (прв циклус на академски и на стручни студии) на факултетите имаат кандидати кои положиле државна или меѓународна матура како и кандидати кои се стекнале со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2020/2021 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година).

4. Студентите во **државна квота се запишуваат со плаќање надоместок за студиите, во износ од 200 евра, во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ.**

Плакањето на надоместокот, по правило се врши во две еднакви рати ,при запишување на зимскиот односно летниот семестар.

Надоместокот од став 1 на оваа точка , студентите кои го задржуваат статусот на редовни студенти во државна квота согласно со статусот на УКИМ, го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

5.Припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РМ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07), како и со Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства (Сл. весник на РМ бр. 67 од 29.5.2009 година), во учебната 2021/22, ќе се запишуваат надвор од државната квота без поднесување трошоци за студирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на ниво на студиска програма. Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при прија-вувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид

6. Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:

- деца без родители, до 26 години возраст доколку се невработени,
- лица од прв и втор степен на инвалидност,
- воени инвалиди и
- лица растени во домови за напуштени деца, до 26 години возраст доколку се невработени.
- Други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден со Конкурсот.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

## II. ЗАПИШУВАЊЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ СО ШКОЛАРИНА

1. На Факултетот како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничената квота не можат да се запишат во категорија студенти финансирани од државата.

Запишувањето во оваа категорија со кофинансирање на студиите, се врши под следниве услови и критериуми:

- **кандидатите успешно да ја положат проверката на знаењата и умеењата,**
- **кандидатите да поднесат писмена изјава дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.**

2. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти изнесува **денарска противвредност од 400 (четиристотини) евра.**

3. Факултетот објавува ранг- листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија.

Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од 24 часа по објавувањето на конечната ранг листа.

4. Листата на примените кандидати од оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

Студентите од оваа категорија при запишувањето склучуваат договор со Факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно образовниот процес.

## III. ДОПОЛНИТЕЛНИ КВОТИ УТВРДЕНИ ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА

На високообразовните установи на УКИМ во Скопје, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово и на Универзитетот „Мајка Тереза “во Скопје припадниците на албанската заедница може да се запишуваат **само во редовните квоти.**

За обезбедување правична и соодветна застапеност на студенти од другите етнички заедници кои не се мнозинство во РСМ, Факултетот надвор од утврдената квота дополнително ќе запише студенти припадници на овие заедници најмногу до 10% од вкупниот број студенти кој се запишуваат во прва година на ниво на Факултетот.

## IV. КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СТРАНСТВО

а) Странски државјани

Странските државјани се запишуваат на Факултетот со проверка на знаењата и умеењата во утврдените рокови надвор од квотата наведена со конкурсот. Годишната школарина за странски државјани во учебната 2021/22 година изнесува 1500 евра годишно.

Странските државјани кои се запишуваат на овој начин, го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

При пријавувањето, кандидатите наведуваат на која студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. **Со пријавата (пријава за запишување образец А1 и електронска пријава од икнow системот) поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, заверен превод на изводот од матичната книга на родените и уверение за здравствената состојба (од ЗУ Студентска поликлиника на Универзитетот), сертификат за положен тест по македонски јазик издаден од Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик при Филолошкиот ф-т ,,Блаже Конески“**

**Овие кандидати се пријавуваат на електронска адреаса edokijailievska@ukim.edu.mk Рекрорат на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј “во Скопје во роковите утврдени со Конкурсот.Во прилог на пријавата треба да ги прикачат (во Attach File) скенираните документи.**

б) Иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средно образование во странство

Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на Р.Македонија , кои целокупното средно образование го завршиле во странство, се запишуваат надвор од квота со проверка на знаењата и умеењата. Кандидатите покрај пријавата доставуваат нострифицирани свидителства за завршено образование во странство.

Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти изнесува **денарска противвредност од 400 евра за една учебна година.**

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, но најмногу до 10% од државната квота.

**Овие кандидати се пријавуваат на електронска адреаса edokijailievska@ukim.edu.mk Рекрорат на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј “во Скопје во роковите утврдени со**

**Конкурсот. Во прилог на пријавата треба да ги прикачат (во Attach File) скенираните документи.**

## V. КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕНА МЕЃУНАРОДНА МАТУРА И КАНДИДАТИ ОД ПРИВАТНИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1. Кандидатите државјани на Р. С. Македонија кои дел од средното образование завршиле во странство и кандидати со завршена меѓународна матура се запишуваат под исти услови и кретериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Р.Македонија, со поднесување нострифицирани свидителства.

2. Кандидатите кои завршиле средно образование во приватните средни училишта во Р. С. Македонија каде што се полага државна матура  се запишуваат под истите услови и критериуми  како и кандидатите со завршено средно образование во РМакедонија согласно Конкурсот.

3. Кандидатите кои завршиле средно образование во приватните средни училишта во РСМ каде што не се полага државна матура се запишуваат надвор од квота, со кофинансирање на студиите, но најмногу до 10% од државната квота.

Кандидатите под точка IV-а и б се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје во роковите утврдени со конкурсот, а кандидатите од точка V 1, 2 и 3 се пријавуваат на Факултетот.

**Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат <u>треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk</u> и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот. Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.**

## VI. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА И УМЕЕЊА И ЗАПИШУВАЊЕ

<u>ПРВ УПИСЕН РОК</u>

1. Кандидатите се должни да ги достават **следните <u>скенирани</u> документи** на адресата за електронската пошта upisi-flu@ukim.edu.mk како и со прикачување во iKnow системот:

- Пријава за запишување (образец А1),
- Електронска пријава (од iKnow системот)
- Оригинал свидителства од сите класови,

- Документ за положена државна матура (оригинално сведителство за завршено средно образование),
- Извод од матична книга на родените,
- Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение),
- Потврда за уплатени 1000,00 денари за проверка на знаењата и умеењата жиро сметка на ФЛУ образец ПП 50 :**.** Назив на примачот: Трезорска сметка; Банка на примачот: НБРСМ; Трансакциска сметка: 100-0000000-63095; Сметка на корисник 16 001 043 40 788 19 приходна шифра : 723001241.
- како и потврда за уплатена Административна такса во износ од 50,00 денари (**Образец ПП50:** Назив на примачот: Трезорска сметка; Банка на примачот: НБРСМ; Трансакциска сметка: 100-0000000-63095; Уплатна сметка: 840-XXX-03161; Конто: 722313 00).

Откако ќе заврши со пријавувањето во iKnow-системот, кандидатот ја испраќа својата пријава и на електронската адреса погоре. Во предмет (Subject) на електронската пошта кандидатите го наведуваат бројот што автоматски им го генерирал системот за електронско пријавување.

Уплатата се врши на жиро сметка на Факултетот за ликовни уметности:

| | |
|---|---|
| **назив на примачот:** | Буџет на Р.М. |
| **банка на примачот:** | НБРМ |
| **сметка:** | 100000000063095 |
| **сметка на буџетски корисник:** | 1600104340 788 19 |
| **приходна шифра:** | 72301241 |
| **програма:** | 41 |

2. Доколку се појават проблеми при електронското пријавување, кандидатите ќе можат да ги достават документите на Факултетот за ликовни уметности на следните датуми:

- **26 и 27 август 2021 година, од 8.00 до 14.00 часот, во <u>Деканатот на факултетот (зграда на Педагошкиот факултет, Карпош II)</u>**

**ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА И УМЕЕЊАТА**

Проверка на знаењата и умеењата ќе се изведе во просториите на Факултетот (**објект Педагошки факултет**), а за кандидатите на катедра по **вајарство оддел-објект АТЕЉЕА** Факултетот за ликовни уметности, во деновите:

- **30, 31. август и 1. септември од 8 до 12 часот.**

**Проверката на знаењата и умеењата се состои од:**

- Катедра по сликарство: цртање портрет по жив модел, цртање акт по жив модел и сликање мртва природа,
- Катедра по графика: цртање портрет по жив модел, цртање акт по жив модел и цртање мртва природа,
- Катедра по вајарство: моделирање портрет по жив модел и цртање акт по жив модел,
- Катедра по ликовна педагогија: цртање полуфигура (портрет со раце по жив модел) и цртање мртва природа.

## VIII. РОКОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈА

а) **Запишување на примените кандидати ќе се врши на 10 и 13.09.2021 година.**

б) Потребна документација за запишување:

1. Индекс, студентска легитимација и пријавни листови,
2. Три фотографии (две фотографии со димензии 3.5x4.5cm и една со димензии 2x3cm),
3. Оригиналите на документите поднесени во скенирана форма при пријавувањето, и
4. Потврда за уплатени 750,00 денари за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со:

| | |
|---|---|
| **назнака:** | ИКСА на УКИМ – ФЛУ |
| **жиро сметка**: | 160010368978818 |
| **депонент:** | НБРМ |
| **трезорска сметка:** | 100000000063095 |
| **повикување на број:** | 723012 |
| **програма:** | 41 |

**Од Деканатот на ФЛУ**
**Скопје**